Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје
Институт за социолошки и политичко правни истражувања
Постдипломски студии по комуникации

# Државата како извор на информации по примерите на два дневни весника од Македонија

- *семинарски труд* -

Предмет: Политика и мас-медиуми

Студент: Дарко Булдиоски
Професор: Проф. д-р Лидија Христова

Скопје, 2008

Ова дело е лиценцирано под лиценцата
Наведи извор-Некомерцијално-Сподели под исти услови

2.5 Macedonia на Криејтив комонс.

За да погледнете копија од лиценцата, посетете го веб-сајтот на
Криејтив комонс http://creativecommons.org/licenses/by-nc-sa/2.5/mk/
или испратете писмо до Creative Commons,
171 Second Street, Suite 300, San Francisco,
California, 94105, USA.

**Вовед**

Влијанието помеѓу медиумите и политиката датира од самата појава на печатот, а присутна е и денес. Во почетокот тоа беше отворено и нескриено, печатот беше во рацете на политичките партии а денес тоа е “суптилно” и се манифестира низ различни форми на влијание и контрола. (Тахири; 2008, 11)

Теоретските и моделските приоди кон информациско-комуникацискиот систем укажуваат на постоење на елементи кои во одлучувачка мера го придвижуваат и обликуваат тој систем. Тие елементи претставуваат детерминанти или агенси на информациско-комуникацискиот систем. Овој систем отсекогаш бил поле каде се спротивставуваат разни државни и политички интереси. Државата претставува еден од најважните регулатори на општествените процеси и односи и нивното насочување кон остварувањето на општите интереси и потреби. Таа може да се смета како еден од основните агенси на информациско-комуникацискиот систем, бидејќи сите нејзини функции во значителна мера влијаат, најпрво на неговото обликување а потоа и на неговото функционирање. (Radojkovič, Stojkovič: 2004, 48)

Државата како агенс на информациско-комуникацискиот систем има уште една важна улога. Таа се јавува и како извор на информации, а не само како институција која врши надзор, го насочува или ограничува слободниот проток на информации. (Radojkovič, Stojkovič: 2004, 50) Во сите современи информациско-комуникациски системи државата настојува да оствари што поголема соработка со медиумите и новинарите. Таа на располагање става цели бази на податоци, креира посебни служби за односи со јавност во склопот на своите тела: министерствата, владата, собранието итн. и организира и раководи со комплетни, осмислени кампањи насочени кон целокупната или одредени целни групи од популацијата во најголема мера манифестирани токму преку медиумите.

Доколку грубо се спореди количината на информации кои дневно ги произведува државата со сите свои составни делови и буџетски установи со кој било друг извор на информации, било тоа да е комерцијален или некомерцијален ентитет може да се увиди дека државата ја зазема позицијата на

најважен извор на информации во современите информациско-комуникациски системи. Овој податок во литературата често е поткрепен со резултатите од истражувањето кое го спровел Леон Сигал (Leon Sigal) врз основа на анализата на двата највлијателни американски весника Њујорк Тајмс (New York Times) и Вашингтон Пост (Washington Post). Тој покажал дека 46% од вестите во овие два весника доаѓаат од агенции или службеници на американската влада. (Radojkovič, Stojkovič: 2004, 51)

Од друга страна пак, медиумите се главниот извор од кој граѓаните се информираат за актуелните политички и останати настани и појави. Токму затоа тие имаат контрола врз она што популацијата во една држава го знае за политичкиот систем и дневните случувања поврзани со него и секако со она што, можеби, никогаш нема да го дознае. Со други зборови тие се директен играч во политичката арена. Медиумите можат да судат, да оправдуваат и да критикуваат. Информациите кои ги произведуваат и пласираат помагаат публиката да формира ставови, мислења и одговори за политичките настани и актери. Според Брајан Мекнир (Brian McNair) тоа и претставува една од петте основни функции на медиумите во идеалнотипски демократски општества. Па така на информативната и образовната функција, функцијата на обезбедување платформа за јавен политички дискурс тој ги додава и функцијата на канал кој може да служи за заговори кон политичките ентитети и функцијата со која медиумите им даваат публицитет на државните и политичките институции. (McNair; 2003, 27).

Во Република Македонија, со воведувањето на парламентарната демократија и пазарната економија, приватните медиуми почнаа да се развиваат со голема брзина. По стекнувањето на независноста во 1991 година, Република Македонија се зафати со политички и економски реформи, како и со преструктурирање на медиумите. Промените, иако радикални, често беа импровизирани и без правила. Денес, медиумскиот систем функционира во рамките на јасно дефинирана институционална рамка според која медиумите, функционираат како самостојни, независни „субјекти” според законитостите на парламентарната демократија и пазарната економија. На пазарот има поголем број печатени и електронски медиуми. Бројот на печатени дневни весници во текот на годините се менуваше а најмаркантно беше расформирањето на најголемиот издавач, своевремено, државната НИП Нова Македонија. Денес,

дел од нејзините изданија се во рацете на приватните сопственици и не се под никаква директна контрола од страна на државните институции. На нив се додаваат уште неколку независни дневни весници на македонски и албански јазик. Иако сите декларативно и законски се независни, сепак, дел од дневните весници се наклонети кон некоја политичка страна.

Досега во Македонија се извршувани бројни истражувања на печатените медиуми и тоа на редовна, дневна, база во одредени подолги временски периоди, но, и со конкретни поводи (парламентарни, локални и претседателски избори, важни политичка одлуки и сл.). Како и да е, досега, не е направена конкретна анализа која во фокусот ја има државата и нејзината интеракција со медиумите. Особено не е разгледувана улогата во која државата се јавува како извор на информации.

Целта на овој семинарски труд и истражувањето кое е спроведено за неговите потреби е да колку и како државата се јавува какоизвор на информации преку примерот на два локални дневни весника и дополнително да утврди дали посоти разлика во користењето и достапноста на државните извори меѓу два политички различно позиционирани мдиуми. Овој труд нема за цел да даде комплетна слика за улогата на државата како извор на информации, туку се обидуваат само да го отвори патот за понатамошни подетални и посеопфатни истражувања и да послужи како фокусно истражување кое би помогнало во креирање на посложена методологија за истражување на оваа проблематика.

## Методологија

Во обид да се осознае во која мера македонските печатени медиуми, и медиуми воопшто „зависат” од информации објавени од страна на државата применет е метод на таканаречена квантитативно-квалитативна анализа на прилози објавени во два македонски дневни весника: Утрински Весник и Вечер во временски период од една недела (11-17 февруари 2008) односно по шест изданија на секој од нив. Пет редовни, дневни и едно двоброј, викенд издание.

Веднаш да одговориме на  прашањето зошто анализа на печатените медиуми? Неспорно е доминантното влијание на телевизијата во македонскиот информативен простор, но, исто така е неспорно и упорното опстојување на печатот во националниот инфомациско-комуникациски систем. Бројот на

дневните весници и покрај редовната флуктуација во последно време бележи пораст. Во последните неколку години се појавија и првите бесплатни дневни весници и тоа еден на македонски и еден на албански јазик. Со нив, вкупно на граѓаните им се на располагање **осум** дневни весници на македонски и еден на албански јазик. Имено, денес веќе станува вообичаена практика да се купуваат или земаат весници барем еден во текот на денот, а често и два доколку се земе предвид нивната прифатлива цена и можноста за земање на бесплатен весник.

Но, исто така она што им дава посебно значење на дневните весници е можноста продлабочено и аналитички да ги опсервираат сите детали од медиумски испратените пораки, а на граѓаните им даваат можност детално, редовно и сеопфатно да се информираат за тековните настани.

Со цел да се овозможи компаративна анализа на два дневни весника со различна политичка наклонетост, а со тоа да се увиди поврзаноста на државата и нивото на информации кои таа ги става на располагање до различните медими, изборот за анализа падна на двата, веројатно, политички најдалечни весника во Македонија: Утрински Весник и Вечер.

Утрински Весник е дел од групацијата МПМ во сопственост на германската издавачка куќа ВАЦ.  Тој весник важи за „опозициски" односно поблизок до редовите на Социјал Демократскиот Сојуз и нивните коалиционери. Вечер е весник кој по распаѓањето на НИП Нова Македонија еден период не излегуваше за подоцна брендот да биде откупен од приватни сопственици и да започне повторно да се објавува со уредувачка политика блиска до актуелната власт односно до ВМРО ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери.

Покрај различната политичка наклонетост овие два весника се разликуваат и по својот формат, структура а со тоа и уредувачка политика. Вечер претставува таблоид со помал формат и поголем фокус кон кратки и забавни информации. За разлика од Утрински Весник кој има скратен класичен весникарски формат и фокус на подолги поаналитички текстови кои подетално навлегуваат во дневно политичките настани, и културата. Токму од овие причини споредба на апсолутни бројки/вредност меѓу овие два весника не е лесно изводлива.

Периодот од 11 до 17 Февруари е одбран како период во кој во дневните настани не доминира една единствена тема, и претставува период кога не се

случуваа некои поголеми настани од типот на избори, самити, конференции и сл. Сепак, поради краткиот интервал и ограничениот број на изданија кои беа предмет на анализа, одредени настани доминираа. Па така, континуираните преговори за спорот со името со Грција и во овој период заземаа подоминантна, но не и единствена улога во рамките на главните рубрики на весниците.

Единица на анализа е прилог. Во анализата на прилозите пред сé, се опфатени следните елементи:

- жанр на прилогот,
- рубрика во која е објавен
- автор на текстот  и
- извори на информациите,

Првичната анализа на изворите се однесуваше на тоа дали прилот има или нема државен извор. Доколку има, анализата продолжува понатаму, односно разгледувано е нивото на извор на информации и конкретно од кој дел од државната апаратура доаѓа. При анализата изворите беа класифицирани во три нивоа: наведени нејасни извори, наведени непрецизни извори, наведени прецизни извори. Под наведени нејасни прецизни извори се подразбираат изворите каде точно е прецизирано лицето или документот од кое потекнува информацијата (рече министерот...; се вели во официјалното соопштение и сл.). Наведени непрецизни извори се оние каде се наведува институцијата но не се прецизира вокоја форма нити кое лице ја пренело информацијата (велат во министерството...; според владата и сл.). Наведени непрецизни извори се оние каде не е прецизирани ниту институцијата од која доаѓа информација (според високи државни извори и сл.).

Заради скратување на полето на истражување, и дополнително фокусирање онаму каде реално може да се очекуваат вакви извори предмет на анализа не беше целата содржина на овие два весника туку само релевантите делови т.е редовни рубрики од секој од нив. Па така кај дневниот весник Вечер анализирани беа прилозите во рубриките: *Вести, Економија, Црна хроника* и *Култура*; а во дневниот весник Утрински Весник анализирани беа сродните рубриките: *Втора Страница, На прво место, Политика, Македонија, Економија, Хроника* и *Култура*. Во рубриките Економоија, и Култура кај двата весника очекувано имаше и прилози кои не се однесуваа на Македонија, но, кај весникот Вечер евидентни беа и вести од регионот во рубриката *Вести*.

Временскиот период и бројот на единици кои беа подложни на анализа не беше голем, заради избегнување на појава на извори кои се неважни и не се повторуваат често во медиумите стеснет беше и опсегот на државни институции кои се сметаа за релеванти како извори на информации. Па така предвид беа земени највисоките нивоа на државната апаратура и тоа: Собранието на Република Македонија, со сите свои составни делови, Влада на Република Македонија со своите министерства и нивните составни единици и Претседателот на државата со својот кабинет. Комплетна листа на државните институции кои беа предмет на ова истражување има во *прилог 1* од овој труд.

### Државата како извор на информации

Вкупниот број анализирани прилози од двата дневни весника заедно изнесува 460, и тоа 226 од Вечер и 234 од Утрински Весник што претставува скоро подеднакво учество на двата весника кое овозможува подеднакво понатамошно третирање. Со тоа делумно се надминува разликата во дизајнот и уредувачката политика. Сепак, очекувано, доколку се разгледува по секој жанр одделно се забележуваат разлики. Најголемата е кај жанрот *вест* каде Вечер има 108 прилози а Утрински Весник 76. Детален приказ во *Табела 1*. Дефиниции на жанровите кои најчесто се среќаваат има во *Прилог 2* од овој труд.

*Табела 1.* Број на прилози по новинарски жанр

| Жанр | Вечер | Утрински Весник | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| вест | 108 | 76 | **184** |
| извештај | 74 | 81 | **155** |
| проширена вест | 25 | 35 | **60** |
| коментаторски извештај | 6 | 16 | **22** |
| коментар | 2 | 8 | **10** |
| анализа | 0 | 1 | **1** |
| анкета | 0 | 1 | **1** |
| изјава | 9 | 10 | **19** |
| интервју | 1 | 2 | **3** |
| репортажа | 0 | 4 | **4** |
| портрет | 1 | 0 | **1** |
| **Вкупно** | **226** | **234** | **460** |

Државата како извор на информација се јавува во 30,2% од вкупниот број на прилози објавени во двата весника. И тоа скоро подеднакво и во Вечер и во Утрински Весник. Во Вечер процентот на прилози каде државата се јавува како извор изнесува 30,97% додека пак во Утрински Весник тој е 29,49%. При разложување на овие прилози по жанр може да се увиди дека државата како извор најчесто се јавува кај прилозите кои жанровски припаѓаат во групата на извештаи. Кај 40,65% од прилозите со овој жанр се појавува државата како извор, додека кај жанрот вести овој процент изнесува 27,72%. Секако, во ова набројување се исклучени прилозите кои припаѓаат на жанрови кои се појавуваат во значително помал број во анализираниот период.

Повторно, и во овој поглед помеѓу двата весника не се појавуваат големи разлики. Детален приказ на прилозите поделени по жанрови каде државата се јавува како извор на информација е прикажан во Табела 2.

*Табела 2.* Број на прилози каде државата е извор на информации

| | **Утрински Весник** | | | **Вечер** | | | **Вкупно прилози со држава извор** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Жанр | Вкупно | Држава извор | % | Вкупно | Држава извор | % | | |
| Вест | 76 | 19 | 25% | 108 | 32 | 29,63% | **51** | **27,72%** |
| извештај | 81 | 33 | 40,74% | 74 | 30 | 40,54% | **63** | **40,65%** |
| прош. Вест | 35 | 10 | 28,57% | 25 | 3 | 12,00% | **13** | **21,67%** |
| комент. извештај | 16 | 4 | 25% | 6 | 2 | 33,33% | **6** | **27,27%** |
| коментар | 8 | - | - | 2 | - | - | **-** | **-** |
| Анализа | 1 | 1 | 100% | 0 | - | - | **1** | **100%** |
| Анкета | 1 | - | - | 0 | - | - | **-** | **-** |
| Изјава | 10 | 2 | 20% | 9 | 3 | 33,33% | **5** | **26,32%** |
| интервју | 2 | - | - | 1 | - | - | **-** | **-** |
| репортажа | 4 | - | - | 0 | - | - | **-** | **-** |
| Портрет | 0 | - | - | 1 | - | - | **-** | **-** |
| **Вкупно** | 234 | **69** | 29,49% | 226 | **70** | 30,97% | **139** | **30,22%** |

Жанровската структура и нејзината поврзаност со изворите не претставува единствениот параметар по кој може да се направи вкрстено анализирање на прилозите каде државата се јавува како извор на информации. Дополнително при анализата за секој прилог беше регистриран авторот на

прилогот. Па така во вкупниот број на анализирани прилози се појавуваа повеќе наведени автори но имаше и прилози каде автор воопшто не беше наведен. Овој пример особено важи за весникот Вечер. Земајќи ја предвид неговата таблоидна структура и уредувачка политика со повеќе пократки вести, отсуството на наведен автор е очекувано. Во овој поглед се појавува досега најголемата разлика кај овие два весника. Имено, од вкупниот број на анализирани прилози во Утрински Весник кај 85% се јавува новинар од редакцијата како автор, додека пак кај Вечер овој процент изнесува скоро 48%. За разлика од Вечер каде прилозите или имаа наведено автор новинар или воопшто немаа, кај Утрински Весник како автор на прилозите се појавуваа и агенции и други електронски или печатени медиуми т.е. станувааше збор за прилози преземени од други медиуми.

Сепак, кога ќе се погледне процентуаланта застапеност на прилозите каде државата се јавува како извор на информации а имаат наведено автор, и кај двата весника се доаѓа до слична бројка. Од вкупниот број на прилози со наведен новинар како автор кај Вечер во 34,26% државата се јавува како извор на информации, овој процент кај Утрински Весник изнесува 32,16%. Во табелите 3а и 3б може детално да се разгледа поврзаноста на наведување автор на прилог и државата како извор на информации, по жанрови.

*Табела 3а* Автор на прилог, држава извор на информации по жанр

| **ВЕЧЕР** | Вкупен број на прилози | Вкупно прилози со автор новинар | Прилози со автор новинар и држава извор | % |
|---|---|---|---|---|
| вест | 108 | 19 | 8 | 42,1% |
| извештај | 74 | 67 | 27 | 40,3% |
| анализа | - | - | - | |
| анкета | - | - | - | |
| изјава | 9 | - | - | |
| интервју | 1 | 1 | - | |
| коментар | 2 | 2 | - | |
| комент. извештај | 6 | 6 | 2 | 33,3% |
| проширена вест | 25 | 12 | - | |
| репортажа | - | - | - | |
| портрет | 1 | 1 | - | |
| **Вкупно** | **226** | **108** | **37** | |
| | | 47,79% | 34,26% | |
| | | Од вкупно | Од вкупно со автор новинар | |

*Табела 3б* Автор на прилог, држава извор на информации по жанр

| **УТРИНСКИ ВЕСНИК** | Вкупен број на прилози | Вкупно прилози со автор новинар | Прилози со автор новинар и држава извор | % |
|---|---|---|---|---|
| вест | 76 | 61 | 17 | 27,9% |
| извештај | 81 | 76 | 33 | 43,4% |
| анализа | 1 | 1 | 1 | |
| анкета | 1 | 0 | 0 | |
| изјава | 10 | 0 | 0 | |
| интервју | 2 | 2 | 0 | |
| коментар | 8 | 8 | 0 | |
| комент. извештај | 16 | 16 | 4 | 25% |
| проширена вест | 35 | 31 | 9 | 29% |
| репортажа | 4 | 4 | 0 | |
| портрет | 0 | 0 | 0 | |
| **Вкупно** | **234** | **199** | **64** | |
| | | 85,04% | 32,16% | |
| | | Од вкупно | Од вкупно со автор новинар | |

Од деталниот приказ може да се констатира најголема разлика меѓу двата весника кај прилозите со жанр вест на кои е наведен авторот и се јавува државата како извор. Кај Вечер овој процент изнесува 42,1% додека кај Утрински Весник 27,9. Сепак, побогатата лепеза на жанровски прилози кај Утрински Весник ја надминува разликата бидејќи 29% од прилозите со жанр проширена вест, жанр кој е многу близок до жанрот вест, имаат наведено автор и имаат државен извор за разлика од Вечер каде нема прилози под оваа категорија. Во секој случај ова е споредба на процентуална застапеност, а не во апсолутни бројки, па затоа треба да се прифати со доза на резерва.

Иако државата во своите раце поседува голем број различни инструменти со кои може да пласира одредена информација, сепак сите тие не се употребуваат подеднакво, или со други зборови не се сите извори на исто ниво. Очекувано, и онаму каде државата се јавува како извор на информации има различни нивоа на изворот. При анализата изворите беа класифицирани во три нивоа:

- наведени нејасни извори;
- наведени непрецизни извори
- наведени прецизни извори

И во двата весника се појавуваа текстови каде државата т.е. дел од нејзините институции и органи се споменувани, а притоа нема извор од државно ниво. Тие прилози не беа предмет на подетална анализа, а тоа подразбира дека и оние прилози каде немаше наведено извори, а јасно може да се претпостави дека изворот е некој државен орган не беа дел од понатамошна анализа. Од друга страна пак во одреден број на прилози се појавуваа повеќе од еден извор од државно ниво. Во табелата 4 може детално да се види распределбата на прилозите според нивото на извор.

*Табела 4* Број на прилози според ниво на извор

| Ниво на извор на информација | **УТРИНСКИ ВЕСНИК** | | **ВЕЧЕР** | |
|---|---|---|---|---|
| | прилози | извори | прилози | извори |
| Наведени прецизни извори | 48 | 56 | 40 | 47 |
| Наведени непрецизни извори | 20 | 20 | 27 | 28 |
| Наведени нејасни извори | 1 | 1 | 3 | 4 |
| **Вкупно** | **69** | **77** | **70** | **79** |

Во разработката на методологијата на ова истражување беше напоменато дека предмет на анализа нема да бидат сите државни, односно буџетски институции, туку тоа поле ќе биде стеснето на највисоките нивоа на државната апаратура и тоа: Собранието на Република Македонија, со сите свои составни делови, Влада на Република Македонија со своите министерства и нивните составни единици и Претседателот на државата со својот кабинет.

По извршената анализа, очекувано, Владата со своите министерства и останатите составни единици беше таа која доминираше. Заради разработената практика на подготовка на дневни и аналитички извештаи Министерството за внатрешни работи (МВР) најчесто се јавува како извор на информации. Истовремено на ова влијае и уредувачката политика на страниците Црна Хроника (Вечер) и Хроника (Утрински Весник) каде се поместуваат поголем број на кратки вести кои скоро по правило се базираат на извештаите од МВР. Од истите причини истото министерство се појавува и како најчест извор на наведени непрецизни информации. Прилозите во овие рубрики се кратки, во кои често намерно се испуштени дел од стандардните новинарски елементи.

Следат неколку табели кои ја разградуваат структурата на изворите на државните информации, повторно поделени по ниво на изворите.

*Табела 5* Структура на извори на државата според ниво на извор

| **УТРИНСКИ ВЕСНИК** | Наведени прецизни извори | Наведени непрецизни извори | Наведени нејасни извори |
|---|---|---|---|
| Претседател на Реп. Македонија | 4 | | |
| Собрание на Реп. Македонија | 10 | | |
| Влада на Република Македонија | 43 | 20 | - |
| Нејасни извори (наведени како државни, дипломатски итн) | | | 1 |

*Табела 6* Структура на извори на Владата на РМ според ниво на извор

| **УТРИНСКИ ВЕСНИК** | Наведени прецизни извори | Наведени непрецизни извори | Наведени нејасни извори |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ (портпарол, официјален став) | 8 | 1 | |
| Претседател на влада | 5 | | |
| Заменици на прtседател на влада | 5 | | |
| Министерство за одбрана | 1 | | |
| Мин. за внатрешни работи | 7 | 12 | |
| Мин. за правда | 1 | 1 | |
| Мин. за надворешни работи | 3 | 1 | |
| Министерство за труд и социјална политика | 1 | | |
| Министерство за финансии | 2 | 2 | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 2 | | |
| Министерство за здравство | 3 | | |
| Министерство за култура | 2 | 1 | |
| Мин. за локална самоуправа | 1 | | |
| Управни огранизации | 1 | 1 | |
| Владини комисии | 1 | | |

*Табела 7* Структура на извори на државата според ниво на извор

| **ВЕЧЕР** | Наведени прецизни извори | Наведени непрецизни извори | Наведени нејасни извори |
|---|---|---|---|
| Претседател на Реп. Македонија | 1 | | |
| Собрание на Реп. Македонија | 13 | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Влада на Република Македонија | 33 | 27 | 1 |
| Нејасни извори (наведени како државни, дипломатски итн) | | | 3 |

*Табела 8* Структура на извори на Владата на РМ според ниво на извор

| **ВЕЧЕР** | Наведени прецизни извори | Наведени непрецизни извори | Наведени нејасни извори |
|---|---|---|---|
| Влада на РМ (портпарол, официјален став) | 4 | 2 | 1 |
| Претседател на влада | 8 | | |
| Заменици на претседател на Влада | 2 | | |
| Министерство за одбрана | 2 | | |
| Мин. за внатрешни работи | 6 | 20 | |
| Мин. за правда | 2 | | |
| Мин. за надворешни работи | 2 | 1 | |
| Министерство за труд и социјална политика | 1 | | |
| Министерство за финансии | 1 | | |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | | 1 | |
| Министерство за образование и наука | 2 | | |
| Министерство за култура | | 1 | |
| Мин. за транспорт и врски | 1 | 1 | |
| Управни организации | 2 | 1 | |

Во овој сегмент може да се забележи мала разлика во поглед на политичката наклонетост. Иако апсолутните бројки не се разликуваат многу, сепак на овој обем на анализиран материјал може да претставуваат индикатор. Во Утрински Весник четири пати како извор се јавува Претседателот на Државата, кој е од редовите на опозицијата, додека кај Вечер само еднаш. Од друга страна, кај Вечер евидентен е поголемиот број на Владини и Собраниски извори, но особено интересен е бројот на непрецизни и нејасни извори. Нејасните извори, најчесто, се индикатор за прилози кои во себе содржат информации кои се пласираат во јавноста пред да бидат официјални, и на тој начин се тестира реакцијата. А такви информации од страна на државата, секако, добиваат само медиумите кои се поблиску до неа.

**Заклучок**

За да се потврди доминантната улога на државата во информациско-комуникацискиот систем доволно е да се отворат дневните весници и да се прочитаат насловите. Но за да се потврди нејзината доминантна улога како извор на информации доволно е и едно вакво не многу обемно истражување кое јасно го евидентира потенцијалот и влијанието на државните органи. Иако во истражувањето не беа вклучени сите државни органи и институции, сепак според добиените резултати доминацијата е евидентна. Веројатно кога би се проширило полето на истражување и кога би биле додадени и судската и локалната власт, како и пониските нивоа на буџетски финансирани институции улогата на државата во секојдневата дистрибуција на информации би била појасна.

Она што е карактеристика за двата анализирани печатени медиуми, а може да се претпостави дека важи и за останатите, е дека многу често како извор на информации не се земаат официјални документи или соопштенија туку станува збор за изјави и говори кои претставниците на разни државни тела ги даваат „во лет” за медиумите или за некои други цели. Ова истражување само ја подотвора вратата за понатамошна анализа на „другата страна” од приказната. Страната на државата, т.е. детално разгледување на нивните стратегии и практики кога станува збор за пласирање информации кон медиумите.

Што се однесува до политички различно наклонетите медиуми, и нивната поврзаност со инфмации од државни извори, според анализираните два примери може да се заклучи дека разликите се минорни. Односно дека нивото и бројот на информации кои им биле достапни на двата медиуми се скоро еднакви. И покрај евидентната разлика во дизајнот и уредувачката политика, сепак, јасно може да се повлечат паралели кои укажуваат на скоро еднаков број на извори на информации. Податоците од ова истражување укажуваат дека изворите на информации и нивото од кое тие доѓаат не се пресудни во политичкото профилирање на прилозите во еден весник.

Литература

**Величковска Б., Димитровска В., Џигал С**. (2004), Различните приоди во известувањата на македонските печатени медиуми во текот на војните на просторите на бивша Југославија, www.komunikacii.net/our-work/
Пристапено на 3.9.2008

**Пишување за печатени медиуми** (2005), група автори, Македонски институт за медиуми, Скопје

**Тахири С. (2008)** Влијанието на политичките партии врз уредувачката политика на комерцијалните телевизии во Република Македонија, необјавен магистарски труд, ИСППИ, Скопје

**Шопар В.** (1999), Медиумска изборна кампања, ИСППИ, Скопје

**McNair B.** (2003), Uvod u političku komunikaciju, Fakultet politickih znanosti Sveucilista Zagreb, Zagreb

**Radojkovič M., Stojkovič B.** (2004), Informaciono komunikacioni sistemi, Clio, Beograd

**Slavkovic D**.,(1981), Biti novinar, Radnicka stampa, Beograd